## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ” ОД ДОЦ. Д-Р САШКО ДИМИТРОВ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2202-53/10 од 20.3.2019 година донесена на редовна седница на Наставно-научниот совет на Машински факултет, одржана на 20.3.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Симеон Симеонов, редовен професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- д-р Зоран Димитровски, редовен професор, Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип,

за изготвување на извештај на приложениот ракопис **„Механика на флуиди” од авторот доц. д-р Сашко Димитров,** наменет за студентите на прв циклус студии на Машински факултет на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Машински факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на учебникот е „Механика на флуиди”, а називот на предметот е Механика на флуиди, кој се слуша во V семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2. Приложениот ракопис е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на 316 страници, А4 формат, со 147 слики. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во нашата земја е објавен ваков учебник од авторот Методија Мирчевски, со наслов „Механика на флуиди“, на Машински факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Приложениот ракопис „Механика на флуиди” од авторот доц. д-р Сашко Димитров е напишан според наставната програма на Машинскиот факултет при УГД – Штип.

**Краток опис на содржината:** Овој ракопис ги содржи следните поглавја: 1 - Вовед во механиката на флуиди, 2 - Статика на флуидите, 3 - Кинематика на струењата, 4 - Динамика на идеален флуид, 5 - Примери на стационарно струење на некомпресибилен флуид, 6 - Струење на вискозен флуид, 7 - Методи на применета механика на флуидите.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот го има потребниот образовно-стручен квалитет и истиот ќе послужи за стекнување на основните познавања за физичките својства на флуидите, условите за мирување на флуидите, условите за пливање на телата и струење на флуидите во цевководни системи. Ракописот, пред сѐ, е наменет за студентите, но и за вработените во работните организации кои ја обработуваат оваа проблематика.

Предложениот ракопис ги задоволува критериумите за објавување. Ракописот се категоризира како учебник - скрипта.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Симеон Симеонов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зоран Димитровски, редовен професор, с.р.**